ЛЕКЦИЈА 13

# ЛАЖНИ ВЕСТИ

ПОДГОТОВКА : 30' | НАСТАВА : 1 X 60'

## АПСТРАКТ

Ова сценарио за учење ја воведува во наставата темата за лажни вести. Ова сценарио содржи основни информации за лажни вести, како да се препознаат, а исто така и дополнителни извори и линкови на оваа тема. На некој начин, „лажни вести" се оние вести кои не се вистина: самата приказна е измислена, без проверени факти, извори или цитати.

## КЛУЧНИ ЗБОРОВИ

*Лажни вести,*
*Пропаганда,*
*Манипулации,*
*Мисинформации,*
*Дезинформации*

## ОНЛАЈН ЕДУКАТИВНИ РЕСУРСИ

- *Лекција за лажни вести од mediactiveyouth.net*
- *Листа на веб-сајтови со лажни вести на Википедија*
- *Факти наспроти Фикција – Лажни Вести : корисен линк кој содржи примери за лажни вести, квиз и онлајн игра за практикување на идентификување на лажните вести*
- *Уште еден извор на статии поврзани со лажни вести на вебсајтот Columbia Journalism Review (CJR)*
- *Кратко видео од BBC за различните дефиниции на лажните вести*
- *Корисен вебсајт за идентификување на изворите на лажни вести*

## ЦЕЛТА НА ЛЕКЦИЈАТА

Целта на оваа лекција е учесниците да го разберат поимот лажни вести, основните типови на лажни вести, да вежбаат како да ги забележат и да проверат дали веста и/или информацијата е вистинска или лажна.

## РЕЗУЛТАТИ ОД ЛЕКЦИЈАТА

Учесниците подобро ќе ги разберат основните поими за лажните вести, ќе можат да ги препознаат основните типови на лажни вести и ќе бидат опремени со извори и алатки потребни за да вежбаат како да ги забележат и да проверат дали веста и/или информацијата е вистинска или лажна.

## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЛЕКЦИЈАТА

**1-5 минути: Загревање** - Ефективен начин за вклучување на учесниците и поставување заеднички очекувања за тоа што ќе научат е да се постават неколку прелиминарни прашања на темата. Едукаторот ја воведува темата и содржината на часот, подготвува PowerPoint презентација; различни наставни методи: предавање, дискусија, групна работа, саморефлексија.

**5-30 минути: Заедничко учење** – првите 25 минути учесниците зборуваат за лажните вести; едукаторот го презентира поимот лажни вести, ја објаснува дефиницијата и дава неколку примери. Учесниците гледаат кратко видео на БиБиСи за различни дефиниции за лажните вести и подоцна разговараат за тоа.

**30-55 минути: Користење на веб-ресурси како материјал за учење** – Едукаторот нуди онлајн приказна објавена како вистинска. Користење на веб-ресурси како материјал за учење - приказната може да се избере од ***оваа листа на најозлогласените неодамнешни лажни вести***.

Од учесниците се бара да работат во групи. Секоја група добива по една вест/статија и разговара дали веста звучи како вистинита или лажна. Потоа, едукаторот ја развива дискусијата со другите и ја разоткрива вистината дали таа вест е вистинита или не.

Додека ја презентирате содржината, погрижете се да комуницирате со слушателите и да ги поттикнете на активно учество.

**55-60 минути: Заклучок:** Направете кратко резиме на лекцијата и поставете неколку прашања кои помагаат во поентирање на најважните пораки што би сакале да ги дадете.

## МАТЕРИЈАЛИ / АЛАТКИ

Видео проектор, лаптоп/компјутер, интернет конекција, PowerPoint/Prezi презентација која е збогатена со визуелни материјали (слики и видео клипови) и фактички информации базирани на истражување.